

# ШЧО ТРЕБИТ ДА ПРАИМЕ ЗА ОДНАПРЕД?

ПРЕДЛОЗИ ЗА ОХРИД

# КУЛТУРА





# ИЗГРАДБА НА КОНЦЕРТНА САЛА / МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ЗА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Еден од приоритетите на локалната самоуправа, заедно со Министерството за култура треба конечно да биде изградба на ваков есенцијален објект. Зошто со децении приоритет им се дава на секакви други градби а не на еден ваков објект од јавен карактер? Па нели мандатите ги барате за вршење јавни функции, за општо добро. Светски уметници при временски неприлики настапувале на несоодветни сцени, во Центарот за култура или спортската сала. И за „Охридско лето“ и за сите други фестивали и манифестации, свечени концерти, за градскиот театар, ова е објект кој мораме да го имаме, ако се сметаме како град на културата.




# БИБЛИОТЕКА КОЈА ДОЛИКУВА ЗА ГРАД СО ТАКВА ИСТОРИЈА

На толку згради не се најде еден предлог за објект на Градската библиотека. Наместо тоа, кога се урна стариот објект (што до денес не беше образложено зошто) библиотеката се напика во несоодветни простории во рамките на НУЦК. Со такви великани преродбеници како Прличев и Шапкарев, со Охридската книжевна школа и сите оригинални ракописи, како Миланскиот едикт кои потекнуваат од Охрид и охридско, нашата општина заслужува репрезентативен објект за оваа намена, а не мали сопчиња, како што е сега. Доколку навистина им значи Охрид на носителите на јавни функции, ова би било приоритет.




# МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВОДЕН ОД НЕПАРТИСКИ МЛАДИ ЛИЦА

Веќе неколку изборни циклуси од уста не се вадат младите, услови за младите, а од сето тоа пред извесно време се основа на брзина некој партиски центар за млади, иако изминативе години и КЦ „Јадро“ а и Културолошката иницијатива 5 до 12 имаа намери за основање на ваков простор во Охрид, преку јавно-приватно партнерство. Зошто не се дозволи професионалци и ентузијасти, вистинските културни активисти да не го водат овој Младински културен центар? Ваквите одлуки да се преиспитаат и културата да остане надвор од партиските центри.



# ПОЧИТУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЗАШТИТА НА СПЕЦИФИЧНИ ОБЈЕКТИ

Општина Охрид, заедно со Министерството за култура, Завод и музеј и Управата за културно наследство, а дополнително со Асоцијацијата на архитекти на Македонија, и други стручни институции да ги заштити сите објекти, примери на архитектурата на одредени историски периоди. Да не се дозволи она што се случи со ресторанот „Парк" и други објекти. Да се изнајдат модуси, доколку се работи за приватни објекти, или земјиште, да се компензираат финансиски или поинаку сопствениците но тоа културно добро да се сочува. Доколку не го почитуваме минатото и делата на нашите предци, како ќе создаваме нова иднина?



# ГРАДСКА ГАЛЕРИЈА ВО ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ДРЖАВНА ИЛИ ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ

На градот му е потребен поголем, современ галериски простор, за изложби и настани од културата, по примерот на други градови низ Македонија. За жал, изминативе децении овој сегмент од општественото живеење е препуштен на стихијата. Локалната самоуправа ова воопшто и не го третира сериозно. Се користат помали галериски простори во рамките на НУЦК „Григор Прличев" или Куќите на Робевци и Уранија, кои не секогаш се соодветни за специфични изложби или уметнички инсталации. Нема локално здружение на ликовни уметници, нема матичен простор за локалните уметници.

# СПОРТ





# КОНЕЧНО ДОВРШУВАЊЕ НА ЗАТВОРЕНИОТ ПЛИВАЧКИ БАЗЕН

Деценискиот игнорантски однос на локалната самоуправа и на државните институции направија да пропадне огромен потенцијал и повеќе генерации кои денес можеа да бидат државни, европски па и светски прваци. За развој на пливањето потребни се услови. Тренинг преку целата година, под водство на професионалци, како Славчо Цветкоски или Кате Бујароска Анѓелеска ќе придонесе за повторно враќање на пливањето на старите патеки. Град покрај езеро без пливачи на големите натпреварувања е голем срам. Доколку навистина му мислите добро на градот и сакате младите да се здрави, тогаш ова е приоритет.



# ИЗГРАДБА НА СООДВЕТЕН КОМПЛЕКС КАДЕ ЌЕ СЕ СМЕСТЕНИ ВЕСЛАЧКИОТ И ПЛИВАЧКИОТ КЛУБ

Инертноста на локалната самоуправа доведе до уништување на еден од најстарите охридски и македонски спортски клубови - веслачкиот клуб „Југ". Останувајќи без сопствен простор кој го направиле членовите на клубот, опремата сега се наоѓа на непозната локација а непознато е ни дали е клубот активен. Исто така, и пливачкиот клуб „Охридски бранови" со децении се наоѓа во една мала барака кај Спортскиот центар, која е несоодветна. Потребни се вистински простории, каде ќе има мини музеи со прикажани сите достигнувања на овие клубови. Денешните и претходните генерации на прваци го заслужуваат тоа во секој случај.



# ВЕЛОСИПЕДИЗАМ КАКО НАЧИН НА АКТИВНО УЖИВАЊЕ ВО УБАВИНИТЕ НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Изградба на велосипедска инфраструктура, и во урбаните делови, и во руралните, за рекреативен, планински или брзински велосипедизам. Постои студија под наслов „Smart Ohrid“ каде се предложени конкретни насоки, а која може да биде појдовна точка, постојат клубови, активни велосипедисти, стручни лица кои можат да помогнат. Соработка и со Струга и Поградец, за безбедно велосипедско поврзување околу езерото. Охрид е мал град и мора да биде велоцентричен, а не автоцентричен. Да продолжат акциите за субвенционирање при купување велосипед.



# СПОРТОТ ДА СТАНЕ ПОЗАСТАПЕН ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ НА НАЈМЛАДИТЕ СОГРАЃАНИ

Физичкото воспитување да започне активно да се практикува од најмала возраст, со поголем фонд часови. Наставниците да соработуваат со спортските клубови, со соодветните сојузи, секој ученик да се насочува кон спортот за кој покажува најголем интерес. Да се поддржат, заедно со Агенцијата за млади и спорт јуниорските лиги, настаните од областа на спортот, натпреварувањата. Учениците кои не се во финансиска можност да добијат субвенции за патни трошоци, опрема исл. Да се фаворизираат пливањето, веслањето, едриличарството, децата од најмала возраст да го засакаат езерото. Да има редовни излети во природа.

# ЕКОЛОГИЈА





# КАДЕ ШТО ИМА МОЖНОСТ, СОЗДАВАЊЕ ЗЕЛЕНИ ОАЗИ И ПАРКОВИ, НОВИ ДРВОРЕДИ НАМЕСТО БЕТОНСКИ ЗДАНИЈА

Секоја година урбаниот дел на Охрид губи одредена зелена површина, губи децениски стебла, за сметка на некој објект, стамбен комплекс, урбанизација. Некогашното планско проектирање, со паркови меѓу зградите, со големи дворови со градини, дрвореди на поголемите сообраќајници денес е целосно напуштено. Јавните простори се узурпираат. Јавните претпријатија треба да садат повеќе дрвја, да има зелени оази низ градот, на повеќе места каде што е тоа можно. Сведоци сме на загадениот воздух на зима, на пеколните горештини. Намалувањето на зелените површини само ќе ги влоши работите.



## КРЕИРАЊЕ ЗЕЛЕН КАТАСТАР, КАКО ИТНА МЕРКА, ЗА ДА СЕ РЕГИСТРИРААТ ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ

По примерот на други општини во Македонија, да се направи зелен катастар, односно регистар, кој ќе е јавно достапен преку соодветна интернет страница, и секој жител на општината ќе има увид во моменталната состојба на зеленилото во градот. Секоја промена редовно да се ажурира. Сите улици каде недостасуваат садници, каде има исушени стебла, да се засадат и променат, комуналните служби да водат поголема грижа, редовно да се одржуваат. Да нема сечење по секоја цена а доколку има услови стеблата да се отстрануваат заедно со коренот и да се засадат на друга локација. Такви акции имаше неодамна во Скопје.



# ФОРСИРАЊЕ ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Охрид е општина со огромен број сончеви денови. За жал, сончевата енергија воопшто не се користи. Наместо тоа, институциите, голем број од домаќинствата користат конвенционални извори на енергија, кои често и ја загадуваат животната средина. Да се испитаат можностите на обновливите извори на енергија, да се направат конкретни чекори општината да го намали загадувањето. Да се применат позитивни примери од светот. Општината да се стреми кон поквалитетен живот на своите жители, заштита на животната средина.




# РЕЦИКЛИРАЊЕ ВО МАРКЕТИТЕ, НАБАВКА НА СООДВЕТНИ АПАРАТИ ОД ПАКОМАК

Откако се воведе PET амбалажата од страна на производителите на пијалоци, ниеден од нив не понуди солуција како соодветно овој отпад да се третира. Затоа, епилогот е реки полни пластика кои целата ја депонираат во езерото. Општината да им наложи на овие компании да инвестираат во апарати за рециклирање, поставување корпи за селектирање отпад насекаде низ градот, во училиштата, јавните простори, институциите. Да се воведе парична награда за депонирање пластика, како во други земји од регионот. Да се направат напори за евентуално враќање на стаклената амбалажа и кауцијата кои функционираа порано.



## ЗАБРАНА НА ПЛАСТИКА ЗА ЕДНОКРАТНА УПОТРЕБА

По примерот на Европската Унија и многу други земји и градови во светот, особено оние кои се наоѓаат на бреговите на реки, езера, мориња и океани, да се забрани продажба на ваков вид пластика, кој според својот состав и не се рециклира, туку завршува во почвата, во водите, насекаде околу нас. Постојат алтернативи, доколку се инсистира од угостителски објекти и други да користат некаков прибор или чашки. Но, најдобро е да оставаме што помал притисок врз животната средина. Мора да ја почитуваме природата, околината да биде чиста а не да ни е сеедно.



## СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ, ЗА ОРГАНСКИОТ ОТПАД ОТВАРАЊЕ КОМПОСТАРА

Сè уште жителите на Општина Охрид заедно фрлаат различни видови отпад. Тоа завршува на депонијата Буково, и периодично се гори, со што се загадува воздухот, почвата и подземните води. Јавното комунално претпријатие мошне скромно делува по ова прашање, други општини низ Македонија се понапред од нас. Наместо Охрид да дава пример, не може ни да ги следи современите текови поврзани со оваа проблематика. Општината да иницира отварање компостара и начини органскиот отпад од домаќинствата да се собира и одлага таму.



# ЗАТВАРАЊЕ НА БУКОВО И ОСТАНАТИТЕ ДИВИ ДЕПОНИИ

Поминаа многу општински администрации, но проблемот со Буково само расте. Првичниот рок да се затвори оваа депонија се продолжи за уште три години. Во ниедна програма нема конкретни чекори за решавање на наталоженото. Во очекување на регионална депонија, или некој центар за преработка на отпадот, ќе ја чувствуваме миризбата на запалено ѓубре која допира до центарот на градот. Попусти се сите заложби и ветувања кога делата го покажуваат обратното.



# ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ДА НЕ СЕ СВЕДУВА НА АКУМУЛАЦИЈА

Наместо да го решаваат проблемот, носителите на јавни функции, при секое опаѓање на нивото на Охридското Езеро снимаат изјави и ги обвинуваат другите, или пак ветуваат дека кога ќе дојдат на власт ќе направат нешто. А езерото веќе шест децении се третира како акумулација. Наместо општината да реагира, се остава ЕЛЕМ да прави како сака, да испушта огромни количини, а и покрај реакциите на јавноста и стручните лица, сè останува по старо. Дали некој помислил на крајбрежната флора и фауна? Не. Ако ни значи нешто овој светски бисер, ќе мора да се преземат конкретни чекори и да се сопре оваа негативна практика.



# ГРАДСКИ СТАЦИОНАР ЗА ЖИВОТНИ РАКОВОДЕН ОД ДОЛГОГОДИШНИТЕ АКТИВИСТИ

Досега беше само уште едно лажно ветување, во многу предизборни програми. Вистинска желба и намера не покажа никој досега, само се префрла вината доколку имаме некој немил настан во градот. Додека чекаа ваков објект и услови, многу бездомни животни заминаа странство, каде добија топол дом и соодветна нега. Овде добиваат отров и смрт во агонија. Активисти и ентузијасти има, ветеринарни служби има, но треба да има и волја и конкретна заложба и од општината, да се опреми соодветен простор и да им се даде втора шанса на овие наши сограѓани.

# УРБАНИЗАМ





# ПЛАНСКО ГРАДЕЊЕ И ПРОСТОРНО ОСМИСЛУВАЊЕ НА НОВИТЕ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

Во отсуство на некогашниот Завод за урбанизам, општинскиот сектор за урбанизам во изминативе две децении дозволи во Охрид да се изгради и што треба и што не треба, и што е соодветно а повеќе и што не е соодветно. Гледаме сите во што се претвори градот. Онаму каде што остана простор кој треба да се гради, да има соодветен простор, да не се гради на 100% од парцелата, да има зелена зона, паркинг за сите станари, а не да се злоупотребува јавен простор за таа намена.



## ПЛАЖИТЕ ДА ОСТАНАТ ЈАВНИ ПОВРШИНИ КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ ОД ЈП “ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

Иако гласовите ги добиваат од локалното население, се чини како досега носителите на јавни функции да го ставаа на маргините, кога се работи за јавните површини, особено плажите. Скоро ниеден концесионер не ги почитуваше договорите и најголемиот дел од плажите беше узурпиран од угостителските објекти, додека некој мал простор беше оставен слободен. Домашното население, обичниот човек, често се чувствува како поттурнат, во својот град да не може да ужива и го чека крајот на сезоната за да може на мира да одмара покрај езеро. Комуналните служби вработија дополнителен број нови работници, токму со намера одржување на плажите, зелените површини во нивна близина.



# ДА СЕ РЕГУЛИРА БРОЈОТ НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ, ДА СЕ ЗАБРАНИ ПЛОВИДБА НА ОНИЕ КОИ ЗАГАДУВААТ

Од година во година сведоци сме на зголемениот број брзи пловила, кои го преплавуваат каналот Студенчишта. Иако од Капетанијата најавуваа воведување нови правила и стандарди, сѐ уште доминантни се пловилата кои користат фосилни горива, иако во светот, особено на малите затворени басени, какво што е Охридското Езеро, се воведуваат пловила на алтернативен погон. Ако некогаш доминираа кајчињата, денес имаме стотици брзи глисери, повеќе комерцијални бродови и други пловила. Дали некој воопшто ја мери бучавата, загадувањето кое го прават, влијанието врз животната средина, не е познато. Не се знае ни колку дозволи се издадени.



# ЦЕЛОСНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Во границите на целата општина да се обнови водоводната мрежа, редовно да се одржува системот, доколку некои места не се поврзани на главниот водовод, тоа да се направи, а во руралните средини да се надминат проблемите на постојана загаденост на изворите на питка вода. Заедно со општинските служби, ЈП „Колекторски систем" да се доизгради системот за прибирање атмосферски води, да нема поплавувања на целиот град при еден обилен дожд, и оние реки по чаршија, а дополнително да не се прават проблеми и на колекторскиот систем. Да се доврши и канализационата мрежа доколку останале делови од општината неповрзани или со септички јами.



# ДОВРШУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ И НЕГОВА ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ

Онаа наша колективна практика да не се грижиме за ниедно јавно добро откако ќе се изгради, се покажа и во примерот на Колекторскиот систем. Од неговата изградба пред повеќе од 30 години, до пред извесно време, тој само пропаѓаше, системот функционираше со минорен процент, прочистителните станици не работеа. Секако, во сиот тој период на сметката жителите на општината плаќаа надоместок кој некој си го присвојуваше. Одговорност немаше. Да не зборуваме за сите средства од самопридонес за неговата изградба. Треба да се догради колекторската мрежа онаму каде што ја нема. Во рамките на Општина Охрид но и понатаму.




# ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ И ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИНИ НИЗ ГРАДОТ

Наместо Охрид да биде град на пешаци и велосипедисти, и по примерот на светските метрополи централното градско подрачје да се растеретува од автомобили, сè уште нашиот град е автоцентричен. Лажните ветувања за катни гаражи, отсуството на визија и планско управување, направи Охрид да биде узурпиран од возила, особено во летната сезона. Не само што се користат улиците како паркинг, туку автомобили се паркираат на тротоарите, на велосипедските патеки, па така, останатите учесници во сообраќајот се приморани да се снаоѓаат. Дополнително, со дозвола на општината, угостителски објекти узурпираат јавен простор, крајбрежје, пешачки зони, па и делови од паркови за сопствени потреби.


ОПШТИНА



# ВИСТИНСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КОН ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНАТА

Носителите на функции и јавните службеници заборавaат зошто се поставени на функција - да се во служба на жителите на општината, да се нивен сервис. Сè уште сведочиме за некоректен однос, на користење повишен тон, затварање врати, бесконечни паузи, пушење цигари во канцеларии, бавни административни процеси, преработеност, лоша енергија кога се оди во општинската зграда или во некои од останатите локални институции. Не само по медиуми, во некакви анкети, транспарентност вистинска е потребна, отворена администрација. Сите планови, документи од јавен карактер да се достапни во дата база општинска, брзи услуги, вистински едношалтерски систем, коректен и професионален однос. Сите седници да се емитуваат во живо или да се снимаат. Да се знае кој за што гласал и одлучувал, што се работи, како се трошат јавните пари.



## СОВЕТНИЦИТЕ ДА ИМААТ ПОСТОЈАН КОНТАКТ СО СВОИТЕ СОГРАЃАНИ И ДА СЕ ДОСТАПНИ ЗА НИВ

Штом ја добијат позицијата, пракса досегашна беше да се прекинат сите контакти со оние кои ги избрале, или на почеток да се најави некаква „отворена“ канцеларија на поедини советници, ама со време сето тоа да се покаже јалово. Советниците да ги користат електронските адреси, да споделат контакт број за реакции, да имаат месечни или периодични средби со жителите. Секој со својот реон, месна заедница, улица, да биде во контакт со случувањата, проблемите и предизвиците, да се слушаат сугестиите, да им се излезе во пресрет на луѓето. Да не им се сведува функцијата само на кревање зелено или црвено картонче.



## НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕВРАБОТЕНОСТА ВО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

И покрај тоа што секоја нова локална администрација ја потврдува превработеноста, а дополнително многу меѓународни организации во свои извештаи констатирале дека јавните претпријатија имаат неколкукратно поголем број од оптималниот, или споредено со вкупниот број жители на општината, никој не сака да се фати во костец со овој проблем. Постојано се вработуваат нови лица, па дури и општината догради нов дел за да ги згрижи сите, да не се туркаат во постојните канцеларии. Жителите на општината плаќаат огромни суми за овие лица, а не се знае колку се навистина ефикасни.



## УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ОД САМИОТ ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКИТЕ

Досега учеството на јавноста беше само pro forma, преку јавна расправа или презентација, на веќе готов предлог, проект, план исл. И доколку имаше коментари и забелешки, не секогаш беа земани предвид. Жителите на Охрид не знаат како ќе изгледаат реконструкциите на улиците, урбанистичките планови, не се известуваат дека ќе се сечат дрвја или ќе се узурпираат паркови, не се информирани дека се отуѓило државно или општинско земјиште, како се издале јавни простори под концесија итн. Најитно треба оваа практика да се промени и локалната самоуправа да покаже дека навистина постои и служи на жителите, не на поединци и групи.



# КОНСУЛТАЦИЈА СО СТРУЧНИ ЛИЦА И ИНСТИТУЦИИ ЗА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ЈАВНО ЗНАЧЕЊЕ

Да не се исклучуваат стручните лица од процесите битни за градот. За урбаното планирање, за урбанистичките планови, промени да се консултираат професионалните архитекти, Асоцијацијата на архитекти на Македонија, соодветните високообразовни установи, авторите кои оставиле траг преку својата работа. За животната средина, да се консултира Хидробиолошкиот институт, други научни институции, релевантни научници. За културното наследство да се соработува со Упрвата за заштита на културно наследство, локалниот музеј, Министерството за култура. Пред да се сечат дрвја да се консултираат стручни лица од шумарскиот факултет, дали навистина стеблото треба да се сече.



# БРЗА, ЕФИКАСНА И ДИГИТАЛИЗИРАНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Општинските служби, јавните претпријатија да ги користат современите придобивки, технологија и да им олеснат на жителите на Охрид да извадат документи, при аплицирање, пополнување обрасци, да се намали драстично времето на чекање, а онаму каде може и треба, да се издаваат документите веднаш. Да се зголеми нивото на професионализам и коректен однос. Да има можност и сметките да се издаваат во електронска форма, освен можноста за online плаќање. Да се створи можност за плаќање преку интернет на одредени услуги, наместо чекање пред шалтери во банките и поштата.

# ИНКЛУЗИЈА





# ОТВАРАЊЕ ГРАДСКА КУЈНА И ЦЕНТАР ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

За нашите сограѓани кои немаат можност за дневен оброк ова би значело многу. Изминативе децении општествените (не)прилики доведоа многу наши сограѓани на работ на егзистенција. Донации, акции постојат, и преку Црвениот Крст, но општината како премалку да прави. Финансиска помош можат да дадат и локалните угостители, големите хотелски објекти, ресторани. Да се направат напори никој да не остане гладен во општината. Особено не најмладите. Дополнително, да се обезбедат услови за отварање објект каде привремено ќе можат да се сместат бездомни лица, со купатила и кревети, затворен простор кој би бил особено значаен на зима односно во ладните периоди од годината.




# ПРИСТАП ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ ВО СИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОБЈЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД

И покрај изготвените студии каде се понудени решенија за овој проблем и нееднаков третман на нашите сограѓани, општината заедно со другите локални, регионални и државни институции не презела скоро ништо да се направи соодветна инфраструктура која ќе е во полза и на лицата со инвалидитет или корисници на колички поради старост и болест. Треба да се иницира широка акција која ќе ги опфаќа и трговските претпријатија, угостителските објекти, образовните и културните установи, спортските центри - сите заедно да придонесат за полесен живот и движење на нашите сограѓани.



# ЦЕНТАР ЗА АКТИВНОСТИ ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА

И покрај тоа што постојат пензионерски сојузи кои организираат одредени активности, локалната самоуправа заедно со надлежните министерства треба да изгради еден центар каде секојдневно ќе има настани, работилници, средби, можност за дружење. Во рамките на тој центар може да има и спортска сала каде оние кои имаат желба можат и активно да се рекреираат. Доколку е можно, да се искористи просторот на некое од одмаралиштата кај Градска плажа, со поглед на езеро, плажа, со зелен двор и парк.



# ПОТТИКНУВАЊЕ ГРАЃАНСКА НАУКА ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРИРОДАТА

Граѓанската наука (citizen science) е научно истражување спроведено, целосно или делумно, од научници аматери (или непрофесионални). Граѓанската наука понекогаш се опишува како „јавно учество во научно истражување", партиципативен мониторинг и партиципативно акционо истражување чии резултати често се напредок во научното истражување преку подобрување на капацитетот на научната заедница, како и зголемување на разбирањето на јавноста за науката.



## ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И СЛУЖБИТЕ

Да се воведат посебни броеви кои ќе функционираат 24/7, да се креираат апликации со кои ќе може да се пријави проблем, дефект, дива депонија, уништување на животната средина, комунален проблем, загадување исл. Службите веднаш да реагираат и во јавните гласила да објавуваат извештај од резултатите на увидот, инспекцискиот надзор или санацијата. Јавноста да е информирана, пријавите да се решаваат. Локациите или проблемите да се следат, во подолг временски период, како не би можеле да се повторат одредени негативни практики. Институциите да си ја заслужат платата и да се поотворени за соработка.

# ПРОМОЦИЈА





# ПОТТИКНУВАЊЕ ОДРЖЛИВ НАМЕСТО МАСОВЕН ТУРИЗАМ

Охридскиот Регион е многу повеќе од хотелските тераси, пластичните лежалки и базени, ноќните забави со прегласна музика, возењето со брзи глисери и јахти, скарите и панаѓурите во центарот на градот. Охрид е единствено светско природно и културно наследство, со огромен национален парк, нечепнати плажи, убави села и населби, локации кои можат да се истражуваат преку пешачки и велосипедски тури, да се вкуси домашна храна, да се посетат многуте локалитети од минатото. Масовниот туризам е погубен за Охрид. Жителите се чувствуваат како градот да е силуван од стотиците илјади посетители кои генерираат тони отпад, сообраќајни метежи, инвазија на крајбрежјето. Сè уште не е изготвена стратегија за развој на туризмот и секој година само се одолговлекува агонијата.




## ПОСЕБНИ ЧАСОВИ КАДЕ ЌЕ СЕ ОБРАБОТУВА ОХРИДСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Заедно со ЈУНП Галичица и НУ Завод и музеј од Охрид, училиштата и градинките од Општина Охрид да воведат посебни часови каде нашите најмлади сограѓани ќе се запознаваат со убавините на Охридскиот Регион и ќе учат што навистина имаме и дека треба да се грижиме и да го почитуваме. Само со едукација ќе се стекне љубов и почитување кон природното и културно наследство. Децата да се поттикнуваат, да има општински натпревари и квизови специјално посветени на светското наследство, информациите да се помнат и да се доделуваат награди.



# СОРАБОТКА СО УИНТ „АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ЗА РАЗВОЈ НА МОБИЛНИ АПЛИКАЦИИ

Општината мора да влезе во 21 век. И интернет страницата, и други страници кои би се користеле за промоција, или за поголема пристапност до жителите, треба да се современи, функционални. Да се создаваат апликации за туристи и посетители, апликации за локалното население, институциите и нивните вработени да станат информатички писмени. Искуството и креативниот дел на УИНТ „Апостол Павле“ да биде искористено, со оглед дека е институција во непосредна близина на општинската зграда. Досега разни проекти и „проекти“ за различни намени неславно завршувале, или биле изведени потпросечно.




# ВРАЌАЊЕ НА ИНТЕРАКТИВНИТЕ ИНФО ТЕРМИНАЛИ НА ДОПИР

Интерактивните инфо терминали беа вистинска промена кога се појавија. Нешто кое беше потребно, особено за посетителите, каде со неколку притискања се добиваа директни информации за одредени локации, за храна, пијалаци, за градот и околината. За жал, откако подолг период беа исклучени скоро сите се дислоцираа од местата каде што беа поставени. Онаа несреќна инфо точка кај поштата никогаш и не профункционира, само што се добија средства од европски фонд. Дополнително, со затварање и на продавниците за сувенири на неколку места во центарот, сега нема никакви слични услуги, непосредни. Она што е добро и современо треба да се поттикнува и да се одржува. А не да се занемарува или саботира.



# ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА И АПЛИКАЦИЈА ЗА СИТЕ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ВИРТУЕЛНИ ТУРИ

Охрид заслужува еден ваков проект, кој само ќе придонесе за интересот на странците кон овој регион. Културното наследство е обемно, материјално и нематеријално. Ваквите дигитални содржини ќе го доближат Охрид и кон помладите генерации. Имајќи предвид дека неодамна и музејот стана потранспарентен за јавноста, оваа активност би била само во таа насока, за уште повеќе да се афирмира она што го имаме, од претходните цивилизации. Таквите алатки ќе бидат од корист и за локалното население, образовните институции, за нашите сонародници, млади истражувачи, студенти, образовен кадар.



# АФИРМАЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ И НИВНА ПОДДРШКА

Посетителите преку своите блогови, видео репортажи, регионалните и странски портали, електронските медиуми, ги откриваат малите претприемачи, ентузијасти, производители, ги препознаваат нивните идеи. Секоја приказна е уникатна, дали се работи за микробилките на Сања Бачевска, филигранот на Марта Пејоска, слатките производи од локално овошје на Душица и Маја, рамненските комати и деликатеси на Пирустија Неданоски, платформата Genuine Experiences и уште многу други. Ова е она изворното, неинвазивно, културно претставување на регионот.




Фотографиите и илустрациите се преземени од
интернет. Сите права на авторите се задржани.